# THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)
## Краткорочно планирање
### Оперативен план за час: 37

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ______________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________

Клас: _________________

Датум: ________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 (Unit 5): STORY TELLING**
Страници од учебникот: 48 – 49

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, грозд-техника, дискусија, елицитација.

**Вештини:** Читање, говорење, слушање.

***Цели на часот:*** Обработка и лингвистичка анализа на подолг текст. Фокусот е на флуентноста на јазичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да го разберат значењето и да ги дефинираат лексичките единици поврзани со раскажување на приказни *(storytelling)* и жанрови – зборови, изрази, колокации – како и да препознаат реторички прашања.
**Б) Комуникативни:** Говорна интеракција: Да можат учениците да дискутираат за својот омилен филм/книга (и да дадат причини), да ја раскажат приказната зад некој филм/книга, да кажат виц, да искажат согласување/несогласување, и преку тоа да ги развијат своите вештини на критичко размислување.
**В) Културолошки:** Да развијат учениците свест за значењето на приказните во денешниот социокултурен контекст и приспособливоста на јазикот за постигнување одредени цели во литературата и филмската уметност.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да ја следат, препознаат и разберат главната мисла, но и да идентификуваат конкретни информации во подолг текст.

**Методи:**

1. Демонстративен
2. **Комуникативен**
3. Метод на игра
4. **Кооперативен**
5. **Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. **Аудио-лингвален**
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
2. **Индивидуална**
3. **Групна**
4. Работа во парови

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. **ЦД**
6. Компјутер
7. **Креда/маркер**
8. **Интерактивна табла**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 37*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Им ги враќа на учениците прегледани писмените задачи од претходниот час.<br>• Ги поттикнува да го објаснат/дискутираат насловот на новата тематска единица преку бура на идеи (колокации/грозд-техника за зборот *story*).<br>• Ги поттикнува да ги опишат сликите на стр. 48 и да кажат што ги поврзува сите – водејќи ја дискусијата кон веж. 1, 2 и (групна дискусија).<br>• Ги објаснува зборовите: *thriller, grabbed, anecdote*.<br>• Ги прашува за како би ги споиле четирите слики со потточките во веж. 1 (може и со интерактивна табла). | • Ги разгледуваат своите писмени задачи.<br>• Ги следат упатствата и даваат колокациии и свои објаснувања за насловот, како и опис на четирите слики. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Насочување на работата кон текстот на стр. 49 – им дава упатства да ја следат статијата во учебникот додека ја слушаат (да не се фокусираат на непознатите лексички единици, само да ја разберат главната мисла или суштината), па следи групна дискусија (веж. 3, стр. 48).<br>• Им дава упатства да ги разгледаат прашањата во веж. 4 (стр. 48), па да ја прочитаат статијата со цел пребарување на конкретни информации, и потоа следи групна дискусија/проверка со посочување на одговорите во статијата. Време: 7-8 мин.<br>• Ги објаснува непознатите зборови/изрази и потпрашува за одредени други од текстот (*sabre-toothed, engage*).<br>• Им дава упатства: работа во групи со по 3-4, некои групи да скратат 10-15 збора од статијата, кои тие мислат дека не се потребни, а некои групи да додадат 10-15 збора. Време: 3-5 мин.<br>• Ги набљудува и ја проверува нивната работа.<br>• Ги поттикнува на дискусија за различни техники кои се употребуваат во пишување, и ги води кон концептот на реторички прашања** – веж. 5, 6 и 87(стр. 49). | • Го читаат текстот (не на глас) без да застанат и да прашаат за непознати зборови, трудејќи се да ја разберат суштината.<br>• Работат во групи со по 3-4 во вежбата за кратење или продолжување на статијата. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Го завршува часот со дискусија – веж. говорење (стр. 49).<br>• Не ги поправа граматичките грешки на учениците освен ако го попречуваат текот на говорната продукција.<br>• Ги поттикнува другите ученици да искажат согласување или несогласување. | • Дискутираат за прашањата во оваа вежба. |

*** Предлог вежби за часот (со претходна подготовка од страна на наставникот):**
http://busyteacher.org/2748-what-to-do-with-reading-texts-10-creative-ways.html

**** Предлог интернет страница (со повеќе примери):** https://www.englishgrammar.org/rhetorical-questions/

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 38**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 (Unit 5): STORY TELLING**
Страници од учебникот: 49 – 50

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Ментална мапа, елицитација, игра (асоцијации).

**Вештини:** Говорење.

***Цели на часот:*** Обработка на реченични структури, т.е. (типови на) односни/релативни дел-реченици *(defining/non-defining relative clauses)* и нивните соодветни заменки. Фокусот е на точноста на реченичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ги разберат, препознаат, разликуваат и правилно да ги формираат односните дел-реченици, со правилна употреба на односните заменки и запирката како интерпункциски знак.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците во различен комуникативен контекст правилно да ги употребат и адаптираат различните односни дел-реченици.
**В) Културолошки:** Да ја разберат учениците важноста од прецизност при употребата на односните дел-реченици, особено заради одбегнување на погрешно пренесена информација.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците правилно да ги формираат, препознаат, разликуваат, разберат и употребат односните дел-реченици.

**Методи:**

**1. Демонстративен**
2. Комуникативен
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
7. Повторување
**8. Монолошки (усно излагање)**
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
**11. Истражувачки-откривачки**
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. Интерактивен

**Форми:**

**1. Фронтална**
**2. Индивидуална**
3. Групна
**4. Работа во парови**

**Средства и помагала:**

**1. Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
**6. Компјутер (ИКТ)**
**7. Креда/маркер**
8. Интерактивна табла

Часот може да се изведе со примена на **ИКТ** – предлог интернет страници:
http://learnenglishteens.britishcouncil.org/grammar-vocabulary/grammar-videos/relative-clauses
http://www.bbc.co.uk/learningenglish/english/course/lower-intermediate/unit-15/session-2/activity-4
http://www.bbc.co.uk/learningenglish/english/course/lower-intermediate/unit-15/tab/grammar

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 38*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Ги пишува на табла односните заменки – *who, which, whose, where* – и им дава упатства на учениците да ја направат веж. 1 (стр. 50), а и да ги најдат токму тие реченици во статијата на стр. 49.<br>• Преку структурирани прашања го поврзува знаењето кое учениците веќе го поседуваат општо за односни заменки/дел-реченици и ги анализираат тие реченици.<br>• Ги објаснува кратките правила кои следат (*Rule*). | • Ги следат упатствата и работат во парови. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Дава упатства: да ги заокружат сите односни заменки и да ги подвлечат односните дел-реченици во статијата на стр. 49.<br>• Дава подетално објаснување за тие заменки (ги мапира на табла) – што всушност заменуваат (нивната функција) и кои се еквивалентите во македонскиот јазик?<br>• Објаснува за *subject/object of the clause* и дава дополнителни реченици за да види дали учениците ја разбираат нивната употреба.**<br>• Дава упатства за веж. 2 (стр. 50) – проверува одговори, и ги прашува учениците за повеќе информации за тоа какви книги Stephen King пишува.<br>• Дава упатства за веж. 3 и ги објаснува правилата кои следат (*Rule*), а и го додава *that* во групата на заменки.<br>• Ја објаснува разликата помеѓу *which* и *that*, и значењето на запирката токму кај односните дел-реченици: на пр. *The woman(,) who lives opposite me(,) is having a baby.*<br>• Дава упатства за веж. 4 и 5 – проверува и анализира одговори. | • Индивидуално ги изработуваат вежбите од учебникот, ги проверуваат во пар, и потоа групно со наставникот. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Дава упатства: еден ученик доаѓа до табла, наставникот му дава лист на кој има напишано збор од статијата на стр. 49, и ученикот се обидува да го опише зборот преку употреба на односни дел-реченици додека другите ученици го погодуваат зборот (дури може класот да се подели на два тима).<br>• Дава домашна работа: стр. 124 (*Get it right!*), веж. Unit 5 + да се информираат за животот на Stephen King. | • Учениците се обидуваат да го погодат зборот кој ученикот на табла го објаснува. |

*** Предлог вежби за часот (со претходна подготовка од страна на наставникот):**
https://www.tefl.net/elt/ideas/games/relative-clause-games/

**** Предлог реченици:** *The woman who ~~[she]~~ plays the guitar in that band... / Do you remember the girl who we met ~~[her]~~ at the party?*

**РАБОТНА ТЕТРАТКА:** Стр. 46.

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 39**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________________

Училиште (место): _____________________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 (Unit 5): STORY TELLING**
Страници од учебникот: 51, 124

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
**2. Час за утврдување на знаења**
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Грозд-техника, ментална мапа, елицитација, дискусија.

**Вештини:** Слушање, говорење, читање.

***Цели на часот:*** Повторување, утврдување и надоградување на лексичките единици поврзани со (видови на) книги и жанрови. Фокусот е повеќе на рецептивните вештини.

**А) Јазични:** Да можат учениците при слушање да ги разберат значењата на лексичките единици во даден контекст поврзани со книги, како и да го следат текот на случки при усно раскажување.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците да водат непречена комуникација и да поставуваат соодветни прашања на тоа што е претходно кажано заради разбирање на контекстот, да можат да носат заклучоци и да ги објаснат своите ставови.
**В) Културолошки:** Да развијат учениците чувство на почит кон литературата од било кој жанр преку пример на американски писател кој значително придонел во развивање на хорор жанрот.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да ја следат и разберат главната мисла, но и конкретните информации при усна комуникација, и следствено, соодветни прашања да постават и да објаснат причини.

**Методи:**

1. Демонстративен
2. **Комуникативен**
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. **Монолошки (усно излагање)**
9. **Аудио-визуелен**
10. **Аудио-лингвален**
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
2. **Индивидуална**
3. Групна
4. **Работа во парови**

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. **Списанија/весници (автентични материјали)**
3. Флеш карти
4. ДВД
5. **ЦД**
6. **Компјутер**
7. **Креда/маркер**
8. **Интерактивна табла**

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 39

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Ја проверува домашната работа од претходниот час: стр. 124 (*Get it right!*), веж. Unit 5.<br>• Прикажува 4-5 слики од познати приказни (симнати преку Google search, по свој избор) на интерактивната табла и ги прашува учениците да ја анализираат приказнатаво со главни ликови,дијалог,крај, херои, почеток, сиже, сцена, негативци во веж. 6 (стр. 51, вокабулар) .<br>• Дава упатства за истата вежба – проверува одговори.<br>• Ги поттикнува на дискусија за веж. 7. | • Ги следат упатствата за вежбите и дискутираат групно. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Ги поттикнува на дискусија во парови: веж. 8 (стр. 51, говорење), и им потенцира да го користат вториот кондиционал. Време: 2 мин.<br>• Дава упатства за веж. 8: работа во парови, и еден од парот усно ги презентира она што го подготвиле со соученикот пред класот, додека наставникот ја следи нивната комуникативна способност и мери време (1 мин. за ученикот-презентер).<br>• Ги прашува учениците да ги споделат информациите кои ги нашле поврзани со животниот тек на Roald DAhl – потоа дава упатства за веж. 9 (стр. 51, слушање) – учениците треба и да поставуваат прашања со веж. 9. Време: 4 мин.<br>• Дава упатства за веж. 10 и 11 (стр. 51, слушање) – два пати го пушта аудио материјалот.<br>• Ги поттикнува да ја прераскажат приказната преку дадените прашања– работа во парови. Време: 2-3 мин.<br>• Ги прашува за значењата на одредени лексички единици од аудио материјалот (*word processor, shed, nephew, wonder*). | • Ги следат упатствата за сите вежби и работат во парови, со особено внимание при слушањето на дијалогот бидејќи целта е различна за двете слушања. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Им дава упатства за дискусија во парови, па групна.<br>• Ги поттикнува критички да го објаснат својот одговор.<br>• Поврзано во второто прашање – може да им даде можност да размислат за тоа со каква реченица тие би го започнале својот прв расказ, каков жанр би избрале...... | • Ги следат дадените прашања и дискутираат за нив.<br>• Ја пишуваат првата реченица на својот иден расказ во тетратка. |

*** Предлог објаснување:** *Наставникот да внимава на нивиот изговор на 'literature' и 'short story', особено на второто 't' (кај 'literature') и крајното 't' кај 'short' (елизија).*

**** Предлог видео:** https://ed.ted.com/lessons/jessica-wise-how-fiction-can-change-reality

**РАБОТНА ТЕТРАТКА:** Стр. 48.

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 40**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 (Unit 5): STORY TELLING**
Страница од учебникот: 52

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, дискусија, елицитација, превод.

**Вештини:** Читање, слушање, говорење.

***Цели на часот:*** Обработка и лингвистичка анализа на подолг текст. Фокусот е на рецептивните вештини.

**А) Јазични:** Да можат учениците да го разберат значењето на лексичките единици поврзани со бајки, како и реченичната структура и употребата на глаголските времиња (разлика во јазикот помеѓу оригиналната и современата филмувана верзија).
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците правилно да ги употребат лексичките единици во контекст и глаголските времиња, како и да прераскажат бајка и да направат описна споредба помеѓу оригиналната и современата филмувана верзија.
**В) Културолошки:** Да се запознаат учениците со важноста и долговечноста на бајките преку безвременската порака што ја пренесуваат.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците самостојно да комуницираат (говорна продукција) на дадена тема, да забележуваат разлики во јазичната употреба, и да ја следат и разберат главната мисла во подолг текст.

**Методи:**

1. Демонстративен
2. **Комуникативен**
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. **Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. **Аудио-визуелен**
10. Аудио-лингвален
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
2. **Индивидуална**
3. Групна
4. **Работа во парови**

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
6. **Компјутер (ИКТ)**
7. **Креда/маркер**
8. Интерактивна табла

Часот може да се изведе со примена на **ИКТ** – предлог интернет страници:
http://www.bbc.com/news/av/entertainment-arts-35365816/origins-of-fairy-tales-thousands-of-years-old
https://www.youtube.com/watch?v=OvW_L8sTu5E (трејлер по избор на наставникот)
http://humanitiesresource.com/ancient/articles/Beauty_and_Beast-Final.pdf

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

## ТЕК НА ЧАСОТ: 40*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • На табла ги пишува зборовите книга-филм и ги поттикнува учениците на групна дискусија за нивна поврзаност (бура на идеи).<br>• На табла ги запишува лексичките единици кои учениците ги произведуваат.<br>• Дава упатства за веж. 1 (стр. 52) – елицитација на наслови на романи и нивните филмски верзии. | • Учениците работат во парови и даваат предлози за сликите, а и преводи на насловите на добро познатите бајки. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Ги упатува кон статијата на стр. 52 и веж. 2 – прво читање за да учениците ја разберат суштината, и тоа *scanning* на текстот и да одлучат кој параграф е за ,а кој против аргументот . Време: 1 мин.<br>• Дава упатсва за веж.3 да ја слушнат и прочитаат статијата и да ги одговорат прашањата<br>• Им пушта на учениците неколку трејлери на холивудски филмувани романи – ги поттикнува на прераскажување на изгледаните филмови, по што следи дискусија за сличностите и разликите помеѓу книгата и филмската верзија, и тоа во случките (по претходна дискусија за тоа кои филмувани верзии ги имаат веќе гледано).<br>• Ги поттикнува на дискусија за филмови кои се подобри или полоши од оригиналната приказна во книгата веж.4 стр.52<br>• За да го провери вокабуларот од статијата на стр. 52, запишува кратки дефиниции/синоними на табла за зборови/изрази од статијата кои тие треба да ги најдат и подвлечат.** | • Учениците индивидуално ја читаат статијата.<br>• Работат во парови за наредните вежби, по што следат групни дискусии. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Го дели класот на две групи: едната група дава аргументи за читање книги, а другата група за гледање на филмови. | • Учениците работат во групи додека ги дискутираат своите идеи. |

*** Статија (за читање):** https://www.theguardian.com/books/2014/dec/12/how-fairytales-grew-up-frozen

**** Статија за читање (со предлог вежби):** https://www.teachingenglish.org.uk/article/presenting-vocabulary

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 41**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ________________________________________________________

Училиште (место): __________________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 (Unit 5): STORY TELLING**
Страница од учебникот: 52

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
**5. Комбиниран час**

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, елицитација.

**Вештини:** Пишување.

***Цели на часот:*** Пишување на краток параграф искажувајќи мислење со примена на соодветни јазични елементи, реченична структура и интерпункциски знаци.

**А) Јазични:** Да можат учениците да ја одберат точната лексика, да бидат прецизни во изборот на глаголски времиња (особено минати) и правопис, и да бидат запознаени со интерпункциските знаци.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците да раскажат приказна преку правилна употреба на лексика, и да продуцираат структурирана пишана мисла преку граматички точни реченици и правилно поставени интерпункциски знаци.
**В) Културолошки:** Да развијат учениците вештини за раскажување (хронолошко подредување на случки) кои би можеле да ги применат и адаптираат во сите социокултурни контексти.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да опишуваат луѓе и хронолошки подредени случки во вид на организиран и кохерентен пишан текст.

**Методи:**

**1. Демонстративен**
2. Комуникативен
3. Метод на игра
**4. Кооперативен**
**5. Текстуален**
**6. Метод на практична работа**
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. Интерактивен

**Форми:**

**1. Фронтална**
2. Индивидуална
**3. Групна**
4. Работа во парови

**Средства и помагала:**

**1. Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
6. Компјутер
**7. Креда/маркер**
8. Интерактивна табла

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 41

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| ВОВЕДЕН ДЕЛ 5 МИН. | • Ги упатува учениците на стр. 52 (пишување) за да ги прочитаат упатствата – работа во групи со по 3-4.<br>• Ги видоизменува упатствата и им објаснува дека до крајот на тој час секоја група треба да напише параграф, но чекорите ќе бидат различни од тоа што го правеле досега за пишување.<br>• Дава упатства: секоја група добива ист наслов на параграф но со повеќе јазични и структурни грешки, а учениците треба прво да го прочитаат , па да ги најдат грешките и да ги поправат, и дури тогаш да го напишат својогт параграф (поправена) на еден лист и да го предадат. | • Внимателно ги следат упатствата. |
| ГЛАВЕН ДЕЛ 30-35 МИН. | • Им дава на секоја група различен наслов.<br>• Ги потсетува да внимаваат на наредните работи (и ги пишува на табла): искажување на свое мислење,разновидност на глаголските времиња (минати), правилна лексика (колокации, итн.), додавање на придавки и прилози за поживописен опис, правилен временски редослед на случки, кохерентност, и поставени интерпункциски знаци. Број на зборови: до 60.<br>• Напоменува колку време имаат и дека треба да се предаде бајката точно напишана на наставникот до крајот на часот. | • Работат во групи со по 3-4 (*collaborative task*). |
| ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН. | • Ги потсетува на останатото време.<br>• Ги собира текстовите на сите групи, ги прегледува надвор од наставата и им ги враќа наредниот час со коментари и бодови според однапред утврдени критериуми, за кои учениците се запознаени.* | • Секоја група привршува со бајката, ја препрочитуваат па ја предаваат. |

*** Критериуми:** *исполнетост на задачата (task completion), комуникативна цел (communicative purpose), јазични средства (language), кохерентност (coherence).*

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 42**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 (Unit 5): STORY TELLING**
Страница од учебникот: 53

**Тип на час:**
**1. Час за усвојување на нови знаења**
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
**5. Комбиниран час**

**Наставни техники/активности:** Ментална мапа, елицитација, дискусија.

**Вештини:** Говорење, слушање.

***Цели на часот:*** Повторување на односните дел-реченици, усвојување на дополнителна употреба на заменката *which*, како и повторување и дополнување на лексичките единици од дадената област (елементи на приказни).

**А) Јазични:** Да можат учениците да ги прошират и систематизираат знаењата поврзани со употребата на односните дел-реченици, соодветните заменки и запирката како интерпункциски знак, како и да ги разберат значењата и употребите на непознатите лексички единици.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците во различен комуникативен контекст правилно да ги употребат и адаптираат различните односни дел-реченици, а и точно да ги употребат лексичките единици.
**В) Културолошки:** Да ја разберат учениците важноста од прецизност при употребата на односните дел-реченици, и тоа заради одбегнување на погрешно пренесена информација.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците правилно да ги формираат, препознаат, разликуваат, разберат и употребат односните дел-реченици.

**Методи:**

**1. Демонстративен**
**2. Комуникативен**
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
**7. Повторување**
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
**10. Аудио-лингвален**
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
**14. Интерактивен**

**Форми:**

**1. Фронтална**
**2. Индивидуална**
3. Групна
**4. Работа во парови**

**Средства и помагала:**

**1. Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
6. Компјутер
**7. Креда/маркер**
8. Интерактивна табла

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

# ТЕК НА ЧАСОТ: 42*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Им ги враќа на учениците прегледани бајките од претходниот час, објаснувајќи одредени грешки кои се појавуваа во нив. | • Ги разгледуваат бајките на кои работеа претходниот час во група. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 30-35 МИН.** | • Ги упатува учениците на веж. 6 (стр. 53, граматика), по што го дискутираат правилото (*Rule*) и се надоврзува кон веќе работената употреба на *defining/non-defining relative clauses*, соодветните заменки и вметнувањето на запирки.<br>• Ја нагласува разликата помеѓу односни дел-реченици кои се однесуваат на: (1) именка/именска група или на (2) цела претходна дел-реченица.**<br>• Дава упатства за веж. 7 и 8 – проверува одговори.<br>• Ја објаснува разликата во значење на *whose, who's (who is)* и *who's (who has)*, кои се идентични по изговор – ги пишува на табла.<br>• Дава диктат (два пати ги чита речениците): целта е да се види колку учениците внимаваат на контекстот при изборот на *whose* или *who's*.***<br>• Прави проверка на диктатот и ги објаснува *whose* и *who's*.<br>• Ги поттикнува учениците на групна дискусија за какви задолжителни елементи содржи една приказна и ги пишува на табла.<br>• Дава упатства за веж. 10, стр. 53, вокабулар (types of story).<br>• Се фокусира на изговорот на *'character'* (иницијалното */k/*) и *'dialogue'* (нечујното *'ue'*), и ги прашува за други вакви примери.<br>• Дава упатства за работа во парови: веж. 11 и 12 (стр. 53, вокабулар).<br>• Започнува групна дискусија | • Работат во парови за веж. 6, 7 и 8 (стр. 53, граматика).<br>• Индивидуално го пишуваат диктатот, а при проверка: по еден ученик за секоја реченица доаѓа до табла да ја напише реченицата. Го даваат својот диктат на ученикот до нив за проверка (да не го проверуваат својот диктат). |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Ги поттикнува на употреба на изрази за искажување на својот став за читањето, жанрот, каде и кога сакаат да читаат (на пр. *I 'd prefer*) веж .13 и 14 при што еден од парот треба да го презентира ставот за 1мин.<br>• Им дава домашна работа: да се информираат за Карипските острови | • Ги следат упатствата за вежбата. |

*** Предлог објаснувања и вежби:** https://learnenglish.britishcouncil.org/en/english-grammar/clause-phrase-and-sentence/verb-patterns/relative-clauses

** *(1) He has a cute dog. His cute dog always plays with me. (2) Her dad was a maths teacher. That surprised me.*

***** Предлог реченици за диктат:** *That's the author whose book has sold out. The booking agent is the person who's responsible for booking live performances for bands. Is there anybody who's stayed in a luxury hotel? Who's the hero of the story you're reading? Whose suitcases are these on the floor?*

**РАБОТНА ТЕТРАТКА:** Стр. 47, 48.

## THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)

## Краткорочно планирање

### Оперативен план за час: 43

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ______________________________________________________

Училиште (место): ________________________________________________

Клас: __________________

Датум: _________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 (Unit 5): STORY TELLING**
Страници од учебникот: 54 – 55

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
3. **Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Бура на идеи, елицитација, дискусија, игри за вокабулар.

**Вештини:** Читање, слушање, говорење.

***Цели на часот:*** Обработка и лингвистичка анализа на подолг текст. Фокусот е на флуентноста на јазичниот израз.

**А) Јазични:** Да можат учениците да го разберат, односно во даден контекст да го препознаат, и притоа да го дефинираат, значењето на непознатите лексички единици поврзани со традицијата на раскажувањето.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците самостојно да комуницираат употребувајќи ги работените лексички единици.
**В) Културолошки:** Да се запознаат учениците со Ирска (како една земја во која англискиот се говори како мајчин јазик) и раскажувачите на приказни од таа земја, како и значењето на раскажувањето воопшто во пошироки рамки.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да ја следат, препознаат и разберат главната мисла, но и да идентификуваат конкретни информации во подолг текст, преку откривање на непознатиот вокабулар.

**Методи:**

1. Демонстративен
2. Комуникативен
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. **Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. **Аудио-визуелен**
10. **Аудио-лингвален**
11. **Истражувачки-откривачки**
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
2. **Индивидуална**
3. Групна
4. **Работа во парови**

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. **ЦД**
6. **Компјутер**
7. **Креда/маркер**
8. Интерактивна табла

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

## ТЕК НА ЧАСОТ: 43

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.** | • Ја проверува домашната работа: ги поттикнува учениците на групна дискусија за да споделат сѐ што успеале да најдат за КАрибите.<br>• Им пушта видео за да се запознаат со Карибите, по што следува групна дискусија.* | • Ги следат упатствата, односно дискутираат по изгледаното видео. |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.** | • Ги упатува кон учебникот и ги поттикнува на дискусија за сликата – стр. 54, веж. 1 – им дава и насоки: *the person could/might be... / perhaps he...*<br>• Дава упатства за веж. 2, стр. 54 – слушање на текстот, по што следи групна дискусија.<br>• Дава упатства за веж. 3 ( True/False) и<br>• Веж. 5 (стр. 55) + наставникот се решава за избор на активности за покривање на непознатиот вокабулар од текстот . | • Индивидуално го следат текстот додека го слушаат само еднаш (за разбирање на суштината) и потоа го читаат (за конкретни информации).<br>• Дискутираат и работат во парови, потоа групно. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Ги поттикнува на дискусија – веж. 4 (стр. 54).*** да дискутираат за приказните од нашата земја и нашиот регион во споредба со Карибите | • Учениците дискутираат за прашањата, прво во парови, па групно. |

*** Предлог видео:** https://www.youtube.com/watch?v=bQwdahZwe0M

**** Предлог вежби:** https://www.teachingenglish.org.uk/article/vocabulary-activities

***** Предлог дополнителни прашања:** *In which aspects of life is storytelling important? How can you improve your storytelling abilities?*

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 44**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ___________________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 (Unit 5): STORY TELLING**
Страници од учебникот: 55, 120

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
**3. Час за повторување и систематизирање на знаењата**
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

**Наставни техники/активности:** Елицитација, дискусија, драмска техника *(role-play)*.

**Вештини:** Говорење, слушање, читање.

***Цели на часот:*** Повторување и систематизирање на лексичките единици и реченичните конструкции работени во текот на тематската единица 5.

**А) Јазични:** Да можат учениците да го систематизираат сето свое знаење поврзано не само со дефинираните лексички единици (зборови, изрази, колокации) туку и со употребата на односните дел-реченици.
**Б) Комуникативни:** Да можат учениците да ја владеат усмената и писмената комуникативна употреба на работените лексички единици и реченични конструкции: говорна продукција и интеракција.
**В) Културолошки:** Да можат учениците самостојно да комуницираат со дадените јазични елементи: да умеат да (пре)раскажуваат, да дадат подетален опис на луѓе или случки, да искажат согласување/несогласување.

***Очекувани исходи:*** Да можат учениците да следат и разберат говорен и пишан јазик, да ги препознаат јазичните функции, и притоа соодветно да одговорат со јазичните елементи.

**Методи:**

1. Демонстративен
2. **Комуникативен**
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. **Текстуален**
6. Метод на практична работа
7. **Повторување**
8. **Монолошки (усно излагање)**
9. Аудио-визуелен
10. **Аудио-лингвален**
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. **Интерактивен**

**Форми:**

1. Фронтална
2. **Индивидуална**
3. **Групна**
4. **Работа во парови**

**Средства и помагала:**

1. **Учебник**
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. **ЦД**
6. Компјутер
7. **Креда/маркер**
8. Интерактивна табла

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

## ТЕК НА ЧАСОТ: 44*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| **ВОВЕДЕН ДЕЛ 1 МИН.** | • Ги потсетува учениците дека нивното јазично знаење ќе биде проверено наредниот час преку писмен тест, и овој час ќе прави заокружување на материјалот од петтата тематска целина.** | |
| **ГЛАВЕН ДЕЛ 34-39 МИН.** | • Им раскажува на учениците реална случка од минатото во која наставникот се нашол: внимава на дадениот редослед на случките *(sequencing of events)* и употребува временски сврзници.***<br>• Ги потпрашува учениците за да види дали ја разбрале приказната.<br>• Дава упатства за веж. 6 (стр. 55, говорење) и ја набљудува нивната работа. Време: 3-5 мин.<br>• Дава упатства за веж. 7.<br>• Ги упатува на стр. 120 и го увежбува изговорот на самогласката со учениците.<br>• Дава упатства за веж. 8 (стр. 55, функции): прво учениците индивидуално да го прочитаат дијалогот за да ја разберат суштината, па потоа да ги следат упатствата во учебникот.<br>• Ги слуша внимателно и ако забележува грешки во изговорот, ги поправа.<br>• Дава упатства за веж. 9 – работа во групи со по 3-4, подолго сврзано раскажување на случки кои им се случиле во минатото, со посебно внимание на правилната употреба на глаголските времиња и односните дел-реченици, како и работената лексика. Време: до крајот на часот.<br>• Доколку забележува грешки во јазичната употреба, ги поправа и објаснува. | • Работат во парови за веж. 6 – говорна продукција.<br>• Неколку ученици ја споделуваат својата приказна со класот.<br>• Ја слушаат приказната само еднаш (аудио материјал) и усно ја прераскажуваат.<br>• Повторуваат по наставникот во вежбите за правилен изговор на самогласката на стр. 120.<br>• Ги следат упатствата за веж. 8 (стр. 55, функции), и откако ќе ги проверат одговорите, го читаат дијалогот на глас (работа во парови).<br>• Откако ќе ги раскажат своите приказни во мали групи, неколку ученици ќе ги раскажат своите приказни пред класот. |
| **ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.** | • Ги прашува за нејаснотии во материјалот за писмената работа. | • Кажуваат каде имаат нејаснотии. |

*** Статија (за читање):** https://www.teachingenglish.org.uk/article/storytelling-benefits-tips

**** Предлог:** *Утврдувањето за оваа целина може да се спроведе после шестата тематска целина (5+6).*

***** Статија за читање (со неколку случки кои наставникот може да ги искористи):**
https://www.thoughtco.com/g00/telling-stories-sequencing-your-ideas-1210770?i10c.referrer=https%3A%2F%2Fwww.google.com%2F

**THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)**
**Краткорочно планирање**
**Оперативен план за час: 45**

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**

Наставник: ____________________________________________________________

Училиште (место): ______________________________________________________

Клас: ___________________

Датум: __________________

**НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 (Unit 5): STORY TELLING**

**Тип на час:**
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
**4. Час за проверување и оценување на знаењата**
5. Комбиниран час

***Цели на часот:*** Писмена проверка на знаењата од петтата тематска целина *(Unit 5)*.

**Методи:**

**1. Демонстративен**
2. Комуникативен
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. Интерактивен

**Форми:**

**1. Фронтална**
**2. Индивидуална**
3. Групна
4. Работа во парови

# ТЕК НА ЧАСОТ: 9

| | НАСТАВНИК | УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| ВРЕМЕТРАЕЊЕ 40-45 МИН. | • Дава упатства, детаљи и насоки за начинот на кој треба да се сработи секој дел од писмената проверка, какви се очекувањата и кои се критериумите за оценување.<br>• Ја следи работата на учениците и дава дополнителни насоки и упатства доколку е неопходно.<br>• На редовни интервали ги потсетува учениците за тоа колку време имаат до крајот на часот.<br>• Ги собира писмените задачи. | • Ги следат упатствата на наставникот и поставуваат прашања, доколку имаат.<br>• Внимателно ги следат упатствата и индивидуално даваат одговори на задачите, а доколку е потребно се консултираат со наставникот.<br>• Пред крајот на часот, го проверуваат сработеното и го предаваат кај наставникот. |

**ЗАБЕЛЕШКИ:**